ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија 6б, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
ИНФО ЛИНИЈА (БЕСПЛАТНА) 0800 33 222
Е-пошта: info@fzo.org.mk
Web: www.fzo.org.mk

Дата: 08.05.2012

# СООПШТЕНИЕ

## Годишен извештај за работењето на ФЗОМ во 2011 година

На последната седница, Управниот одбор на ФЗОМ, согласно Законот за здравствено осигурување, го усвои Годишниот извештај за работата на ФЗОМ во 2011 година.

Имајќи ги предвид големиот број активности, претходната 2011 година беше успешна за работењето на ФЗОМ. Воведено е трезорското работење на јавните здравствени установи, а со „условните буџети“ и „терцијаротˮ се направи уште еден чекор кон целта на ФЗОМ да стане стратешки купувач на здравствени услуги. Истовремено се востанови и пракса на редовна комуникација со здруженијата и коморите кои имаа значајна улога во проектите што ги спроведува ФЗОМ.

Од аспект на податоците што се презентирани во извештајот би ги истакнале следните:

- Во однос на претходната година за околу 11% зголемени се остварените превентивни прегледи од матичните општи лекари и гинеколози, што треба да придонесе кон генерално подобрување на здравјето на осигурениците.
- За 1,7% намален е бројот на болничките денови што укажува на подобрена ефикасност на здравствените установи во споредба со претходната година.
- Во споредба со 2010 година, за околу 7% зголемен е бројот на реализирани рецепти и износот за лекови на рецепт.
- Во 2011 година здравствените услуги ги обезбедуваа вкупно 3.533 приватни и 111 јавни здравствени установи.
- Во соработка со здравствените установи беа ревидирани или донесени како нови, вкупно 889 цени на здравствени услуги, лекови и помагала.
- Средствата со кои располагаше ФЗОМ во 2011 година беа за околу 6% повисоки во споредба со претходната година.

Покрај наведените, во извештајот подетално презентирани сите останати активност на ФЗОМ во 2011 година.

Повеќе информации за сите активности на ФЗОМ, вклучително и податоци за правата на осигурениците, договорите и финансиските средства, можете да погледнете во Годишниот извештај за работата на ФЗОМ за 2011 година објавен и на веб страницата на фондот www.fzo.org.mk во делот на годишни извештаи.

ФЗОМ